Упатство- Најава на системот од страна на родителот и преглед на неделен извештај

## 1. Најава на системот за нови корисници (родители/ старатели)

За да може родителот/ старателот да има пристап до Е-Дневник системот ,потребно е класниот раководител на неговото дете да ги внесе неговите соодветни податоци во системот. Откако класниот раководител ќе внесе име и презиме и точна мејл адреса во соодветните полиња, системот ќе испрати известување на внесената мејл адреса за родителот со информации за корисничко име и генерирана лозинка кои родителот треба да ги користи при понатамошна најава во системот.

Прва најава на системот со генерираните кориснички информации Откако родителот/ старателот ќе ги добие корисничките податоци на неговата мејл адреса, може да се најави на Е-Дневникот за прв пат во формата за најава на следниот линк: https://ednevnik.edu.mk/ .




По внесувањето на добиените кориснички информации, потребно е родителот да направи валидација на корисничката сметка на следниот начин:

- да ја внесе својата мејл адреса во формата за валидација
- системот ќе испрати линк за валидирање на сметката на внесената мејл адреса
- да го провери внесениот мејл и да притисне на добиениот линк
- да ја внесе лозинката која сака да ја користи за најава на Е-Дневникот
- да се најави на Е-Дневникот со внесената мејл адреса (како корисничко име) и лозинката која ја внел за најава

## 2. Преглед на неделен извештај

Откако ќе се најавите на системот, на почетната страна ги имате личните податоци на вашето дете како и влез до неделниот извештај.




Откако ќе кликнете на копчето **прегледај извештај** ќе имате можност да го погледнете извештајот за тековната недела со наставните содржини кои ги изучува вашето дете.



Дополнително, во системот се зачувани сите неделни извештаи од почетокот на учебната година. Со избор на копчето **претходна недела** имате можност да ги погледнете претходните извештај.